Машински факултет
Број 02-994/1
26.05.2017 год.
Скопје

Врз основа на член 224 став 3 од Статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како и член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Пречистен текст (Универзитетски гласник број 282/2014), на предлог од Деканатската управа, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 10-та редовна седница, одржана на 25 мај 2017 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за утврдување на роковите и условите за завршување на втор циклус студии на Машински факултет во Скопје

1. Со оваа одлука се утврдуваат роковите и условите за завршување на студиите, за студентите кои на втор циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје се запишани заклучно со учебната 2013/2014 година и студираат на студиските програми воведени во учебната 2008/2009 година, и тоа:
- на студиските програми за редовни едногодишни full time студии;
- на студиската програма за редовни двегодишни full time студии Индустриски дизајн и маркетинг и
- на студиските програми за редовни двегодишни part time студии.

2. Студентите од точка 1 на оваа одлука, започнатите студии на Факултетот можат да ги завршат под условите по кои се запишале со предавање на магистерскиот труд за негова одбрана во следниве крајни рокови:
- на студиските програми за редовни едногодишни full time студии до 30 септември 2018 година;
- на студиската програма за редовни двегодишни full time студии Индустриски дизајн и маркетинг до 30 септември 2019 година и
- на студиските програми за редовни двегодишни part time студии до 31 март 2019 година.

Предавањето на магистерскиот труд се врши најдоцна во рок од една година од прифаќањето на темата за изработка на магистерски труд.

3. Студентите правото на завршување на студиите кои произлегуваат од роковите од точка 2 на оваа одлука ќе го остварат под услов да пријават тема за изработка на магистерски труд во следниве крајни рокови:
- на студиските програми за редовни едногодишни full time студии до 30 септември 2017 година;
- на студиската програма за редовни двегодишни full time студии Индустриски дизајн и маркетинг до 30 септември 2018 година и
- на студиските програми за редовни двегодишни part time студии до 31 март 2018 година.

4. Студентите кои имаат пријавено тема за изработка на магистерски труд, но не ја одбраниле, односно предале во рок од една година од прифаќање на пријавата, правото на предавање на магистерски труд во роковите од точка 2 на оваа одлука ќе го остварат под услов повторно да пријават тема за магистерски труд.

Обврската за повторна пријава на тема ја немаат студентите на кои рокот за одбрана, односно за предавање на магистерскиот труд по прифатена тема истекол или истекува во тековна година, под услов да обезбедиле или обезбедат продолжување на рокот за одбрана, односно за предавање на магистерскиот труд од најмногу една година, сметано од денот на истекот на рокот за одбрана, односно предавање на магистерскиот труд, но не подолго од крајните рокови определени во точка 2 од оваа одлука.

5. Финансиските обврски кон студиите (трошоци за студирање), студентите се должни да ги исполнат според следнава распределба на обврските:

- 50% од износот на трошоците за студирање да се подмирени најдоцна до 30 септември 2017 година;
- 75% од износот на трошоците за студирање да се подмирени најдоцна до 31 март 2018 година, но не подоцна од денот на пријавувањето на магистерскиот труд и
- 100 % од износот на трошоците за студирање да се подмирени најдоцна до 30 септември 2018 година, но не подоцна од денот на предавањето на изработениот магистерски труд со барање за формирање на комисија за оценка на трудот.

6. За студентите од оваа одлука кои не пријавиле тема за магистерски труд во време што е двапати подолго од траењето на студиите, се утврдува обврска за плаќање на административен надоместок за задоцнето пријавување на тема, во висина од 2.000,00 денари за учебна година.

Административниот надоместок се плаќа во вкупен износ за сите учебни години во кои студентот паднал во задоцнување, вклучително и учебната година во која го активира статусот на студент и ја поднесува пријавата за тема.

7. Административниот надоместок од точка 6 од оваа одлука, во еднократен износ го плаќаат и студентите кои имаат обврска да поднесат повторна пријава на тема за магистерски труд.

Надоместокот го плаќаат во учебната година во која го активираат статусот на студент и ја поднесуваат повторната пријава за тема.

8. Студентите кои обврските кон студиите нема да ги завршат во роковите утврдени со оваа одлука го губат правото на завршување по студиските програми по кои се запишани и студиите на Факултетот можат да ги продолжат под условите на тековните студиски програми на втор циклус студии.

9. Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

Одлуката да се достави до: огласна табла, веб страна, студентска служба, наставно-научен совет, продекан за МСНР, наставно-научни колегиуми и архивата на Факултетот.

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев